ЗАЕДНИЧКИ
РЕГИОНАЛЕН
ПАЗАР

*каталізатор за подлабока регионална економска интеграција во Западен Балкан и отскочна даска кон единствениот пазар на Европската Унија*

**#ЕденРегионЕденПазар**
**#ЗаедничкиРегионаленПазар**
**#ПосилниЗаедно**
**#БерлинскиПроцес**

# Слободното движење на луѓето

**е една од клучните области на политиката за ЗРП чија цел е да се овозможи спроведување на една од четирите слободи на Единствениот пазар на ЕУ во регионот на Западен Балкан. Претставува значаен чекор напред кон отстранување на бариерите за мобилност на луѓето во регионот со тоа што им се овозможува на приближно 18 милиони луѓе слободно да се движат во регионот, а исто така се отстрануваат и бариерите за мобилност на стручни лица, студенти, научници и професори.**

## Договор за признавање на високообразовните квалификации

- Се воспоставуваат заеднички правила и постапки за признавање на високообразовните квалификации
- Се овозможува мобилност на студентите и академскиот кадар во Западен Балкан врз основа на Лисабонската конвенција за признавање, Болоњскиот процес и релевантните правила на ЕУ
- Се однесува на државните универзитети и постепено ќе ги опфати и приватните универзитети
- Се подобруваат постапките така што се намалува рокот за признавање од постојните неколку месеци на најмногу 14 дена
- Се воспоставуваат заеднички стандарди и постапки за признавање на квалификациите и се укинуваат постојните давачки за признавање на високообразовните квалификации за студентите
- Целиот Западен Балкан има придобивки од регулираното признавање на дипломите за доктор по филозофија.

## Договор за слободно движење со лични карти

- Се олеснуваат условите за патување и добрите односи со поедноставување на административните постапки за влез, транзит и краток престој во земјите од Западен Балкан само со лични карти
- Се обезбедува еднаков третман на сите граѓани во целиот регион
- üСите постојни визни режими во рамките на Западен Балкан престануваат да важат
- **59%** од трговските друштва во Западен Балкан веруваат дека од патувањето низ регионот само со лична карта ќе имаат придобивки во работењето.

## Договор за признавање на професионалните квалификации за доктори по медицина, доктори по дентална медицина и архитекти

- Се олеснува движењето на стручните лица во регионот
- Се овозможува докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите да даваат услуги во рамките на Западен Балкан, врз основа на Директивата на ЕУ за признавање на професионалните квалификации
- Се транспонираат основните правила на ЕУ за признавање на професионалните квалификации
- Се воспоставува единствена примена на правилата и се создава основа за мобилност на стручните лица во целиот регион
- Опфатени се три регулирани професии и се создава основа за преговори за преостанатите четири регулирани професии (акушерки, медицински сестри, фармацевти и ветеринари) во наредниот период.

RegionalCooperationCouncil
Co-funded by the European Union

На Самитот за Западен Балкан во рамките на Берлинскиот процес што се одржа во Софија на 19 ноември 2020 година беше донесен Акцискиот план за ЗРП, а Советот за регионална соработка беше задолжен, меѓу другото, да ја помогне работата на четирите работни групи за четирите договори за мобилност, односно Договорот за признавање на високообразовните квалификации; Договорот за признавање на професионалните квалификации за докторите по медицина, докторите по дентална медицина и архитектите; Договорот за слободно движење со лични карти во Западен Балкан; и Договорот за слободно движење на граѓани од трети страни во Западен Балкан.

Економскиот и инвестициски план на Европската комисија јасно покажува дека со зголемување на регионалната економска соработка и трговија Западен Балкан ќе се приближи до единствениот пазар на ЕУ. Акцискиот план за заедничкиот регионален пазар е составен дел од процесот на пристапување на регионот во ЕУ.
Акцискиот план за заедничкиот регионален пазар го спроведуваат економиите од Западен Балкан. Советот за регионална соработка и ЦЕФТА се водечки регионални организации кои му помагаат на регионот на Западен Балкан во спроведувањето на акцискиот план, заедно со други регионални и меѓународни партнери, во согласност со нивниот делокруг на работа.